*

„Ти не требаше да се родиш.“

Мома ми ја повторува оваа реченица веќе шеснаесет години. Мома е мајка ми и така ја викам од мал. Некое време по првата бременост, имала операција на матката и ѝ кажале дека за друго дете може само да сонува. Ѝ го напишале тоа дури и во отпусното писмо за да не се залажува. Можеби токму поради ова, Мома отсекогаш ме сакаше како луда, бидејќи од безнадежна желба сум станал крв и месо.

Да се разбереме, тоа не значи дека Мома не ја сака сестра ми. Впрочем, невозможно е да не ја сакаш Анџелика. Не се согласуваме само затоа што настојува секоја минутка да ми кажува што е во ред, а што не е. Мисли дека може да ме има под контрола, ама јас веќе знам да готвам и да си ги перам алиштата. Никој не ми треба.

Анџелика е организирана и великодушна. Ако треба нешто да се сработи, таа никогаш не одбива. Напротив, знае да се жртвува. Еден ден, во кујната, цртав со Мома, која отсекогаш сонува да има соба само за себе и да ја наполни со штафелаи и палети, и ја замолив да го нацрта нашето семејство, но како да сме животни: Мома како коњ, тато како волк, а јас маче. За сестра ми избрав тело на магаре, бидејќи таква е Анџелика, ќе работи до изнемоштеност. „Пази се од они кои ринтаат без да се пожалат, бидејќи еден ден ќе им дојде преку глава и ќе побегнат“, велеше дедо Михаи.

Порано Анџелика ми беше симпатична и речиси секогаш се сложувавме. Си играше, се шегуваше, трчаше со мене низ сончогледите... А најважно од сè, знаеше каде и е местото. Но, откако Мома си замина, започна да се однесува како да ми е учителка, што ужасно ме нервираше. „Добро де, постара си осум години, па што?“, остро ќе ѝ возвратев. Анџелика молчеше. Кога ќе се налути, не кажува ни збор, само го зема велосипедот и исчезнува некаде надвор. Иста е како Мома: овие две секогаш си ја истураат маката на дру-

го место и не ти ја кажуваат вистината дури и ако плачеш и ги преколнуваш.

Впрочем, сестра ми е како магаре, но има памет за двајца, и како и сите паметни луѓе, многу слуша, а малку зборува. На пример, кога не можам да ги разберам постапките на мајка ми или молчењето на татко ми, неа ја прашувам, и кога ќе ја ислушам, сè ми е појасно, бидејќи Анџелика има претстава за животот и размислува рационално. А мене пак, напротив, ме води инстинктот. Да не беше така, не би бил во оваа состојба.

*

Да тргнеме од почеток. Тоа утро, како и вообичаено, се разбудивме во шест и почнавме да ја бараме Мома низ целата куќа. Накрај дури и мебелот го поместивме, како Мома да беше прстен или приврзок со клучеви. Кога тато сфати дека неговата сопруга навистина си заминала, започна да клоца по вратите и да удира со тупаници по ѕидовите. А јас, пак, излегов на тремот и толку силно ја довикував што по некое време дури и татко ми ми нареди да престанам.

„Мануел, ќе настинеш, влези внатре!“ и со своите ожулени дланки ме зграпчи за рамото и ме поведе внатре.

Еве ги, пред мене ги гледам рацете на Филип Матеи, генерација 1972 година. Со години работеше во фабрика за брусна хартија, еден огромен магацин покрај патот. Подигнуваше џиновски ролни, па на едно железно масиште развлекуваше листови долги и по десет метри, кои му ја бодеа кожата полошо и од трње. Навечер седнуваше пред телевизорот и ги потопуваше рацете во леѓен полн со алкохол бидејќи од алкохолот излегуваат плускавици, а плускавиците штитат. „Со плускавици не го чувствуваш гребењето од шмирглата“, ми објаснуваше со стиснати заби, трудејќи се да ги држи дланките потопени. Никој нема раце како оние на мојот татко, ништо не чувствуваат поради сите тие плускавици, и кога на шега ќе ме штипне за бедрото, не сфаќа дека тоа ме боли.

Седнати на масата во кујната и двајцата не успевавме да изустиме ни збор. Надвор сè уште беше темно и лицата ни беа црвени од студот. Најмногу бев гневен поради тоа што Мома не ни остави никаква порака. Оној што бега секогаш остава некаде парче хартија на кое ќе напише некаква причина, некакво оправдување, некаков изговор... Штом не ни остави писменце, можеше барем да ми испрати порака на мобилен. Немаше ништо. Само СМС од Влад, другарот со кој седев во иста клупа, ме прашуваше зошто не сум бил во автобусот.

Анџелика се нашминкала и облекла високи потпетици. Отсекогаш сум мислел дека сестра ми се облекува како курвиче и дека Мома со право ѝ се дереше, но имајќи ја предвид ситуацијата, се воздржав.

„Ајде, Мануел, ќе одиме на училиште“, наеднаш ѝ излета.

„На училиште?! Ама автобусот одамна замина!“

„Ќе отидеме на третиот час.“

Не дека сакав да скокнам и да се спремам како војник, но дома немаше греење, не знам од кога, и јас, по стоењето надвор на тремот, бев толку згрчен од студ што без размислување ги навлеков фармерките и широката блуза. Немавме пари, фабриката за шмиргла се затвори, а фирмата во која работеше Мома не ги исплаќаше платите. Веќе една година преживувавме од социјална помош.

Не знам зошто, ама накрај ја послушав Анџелика, а татко ми сигурно ќе ми дозволеше да останам дома. Тој нема сила да се спротивставува, особено не на ваков ден. Сепак, во едно можев да бидам сигурен, а тоа е дека вечерта ќе го најдам пијан.

Излегов без шал, а тоа со Мома никогаш не би се случило. Таа со еден поглед те скенира подобро од детектор за метал. Во еден момент Анџелика застана и ми стави плик в рака.

„Ајде, читај“, рече пред да сфатам што се случува.

Деца мои, најдов работа во Италија. Морам да заминам, инаку не ќе можете повеќе да се школувате, а ниту да јадете како што треба. Јас, пак, сакам да имате исти можности како другите деца. Залудно е да се разговара со татко ви и затоа вака си заминав. Не е убаво, знам, ама ако не побрзав, ќе земеа друга на мое место. Сепак, се надевам дека брзо ќе се вратам. Ќе испратам малку пари на татко ви и на баба Роза, а тие ќе ви дадат колку што е потребно. Ти, Мануел, учи и имај доверба во мене. Ти, Анџелика, грижи се за татко ти и за брат ти, и немој да ме мразиш за тоа што барам да се жртвуваш. Толку многу ве сакам што не можам да ви опишам. До видување, мама.